# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров излегува по потреба | 18 Јуни 2026 година<br>Скопје<br>Бр.7 Год. XXI |
|---|---|

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

**Издавач:** **Општина Ѓорче Петров**
**ул.Ѓорче Петров бр.22**
**Уредува:** **Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот**
**тел.** **02/2039-307 ; 02/2039-308**
**фах.** **02/2033-309**


*Содржина:*


1. Одлука за престанок на мандат на член на советот на Општина Ѓорче Петров, Божин Давидовски ....стр.2
2. Одлука за престанок на мандат на член на советот на Општина Ѓорче Петров, Кристина Јаковчева Чичова ....стр.4
3. Одлука за донесување на Техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 7.36 и ГП 7.39 од ДУП М.З. Мирче Ацев 38, Општина Ѓорче Петров ......стр.6
4. Одлука за измена со проширување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2026 година во колона–донации ....стр.8
5. Одлука за преземање на обврските за плаќање воден надомест за одводнување/наводнување на индивидуалните физички лица - водокорисници за 2026 година ....стр.11
6. Одлука за прифаќање донација од Здружение за одржлив социоекономски развој „ИЗГРЕЈСОНЦЕ“ – Скопје ....стр.13


**Јуни 2026 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

РЕШЕНИЕ

**За објавување на Одлука за престанок на мандат на член на советот на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува одлуката за престанок на мандат на член на советот на Општина Ѓорче Петров, Божин Давидовски, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Единаесеттата седница на советот, одржана на ден 18.06.2026 година.

**Број 02-1030/1**
**од 18.06.2026 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 46 став 1 алинеја 2 и став 2 алинеја 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен Весник на РМ" бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), член 11 став 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров – Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр. 8/23) и член 32 од Деловникот за работа на советот на општина Ѓорче Петров, советот на Општина Ѓорче Петров, на 11-тата седница одржана на ден 18.06.2025 година донесе:

## О Д Л У К А
**за престанок на мандат на член на советот**
**на Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Се констатира престанок на мандатот на членот на советот на Општина Ѓорче Петров, Божин Давидовски, поради смрт.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 02-1000/2**
**од 18.06.2026 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Бранкица Дуковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за престанок на мандат на член на советот на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува одлуката за престанок на мандат на член на советот на Општина Ѓорче Петров, Кристина Јаковчева Чичова, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Единаесеттата седница на советот, одржана на ден 18.06.2026 година.

**Број 02-1030/2**
**од 18.06.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 46 став 1 алинеја 1 и став 2 алинеја 1 од Законот за локална самоуправа ("Службен Весник на РМ" бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), член 11 став 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров – Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр. 8/23) и член 33 од Деловникот за работа на советот на општина Ѓорче Петров и поднесената оставка на функцијата член на Совет на Општина Ѓорче Петров од страна на член на советот Кристина Јаковчева Чичова, број 02-917/1 од 28.05.2025 година, советот на Општина Ѓорче Петров, на 11-тата седница одржана на ден 18.06.2025 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за престанок на мандат на член на советот**
**на Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Се констатира престанок на мандатот на членот на советот на Општина Ѓорче Петров, Кристина Јаковчева Чичова, поради поднесување на неотповиклива оставка од функцијата член на Совет.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 02-1000/3**
**од 18.06.2026 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Бранкица Дуковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
## за објавување на Одлука за донесување на Техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 7.36 и ГП 7.39 од ДУП М.З. Мирче Ацев 38, Општина Ѓорче Петров

Се објавува одлуката за донесување на донесува Техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 7.36 и ГП 7.39 од ДУП М.З. Мирче Ацев 38, Општина Ѓорче Петров, техн.бр.1872/99, датум на изработка 2001 год.(донесен со Одлука бр. 07-733/3 од 10.07.2001 год., бр. 08-1392/31 од 31.08.2020 год., бр. 08-1378/9 од 15.07.2022 год., бр. 08-2106/3 од 31.10.2023 год., бр. 02-807/5 од 30.04.2025 год. и бр. 02-2399/2 од 16.09.2025 год.), што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Единаесеттата седница на советот, одржана на ден 18.06.2026 година.

**Број 02-1030/3**
**од 18.06.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИКНА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), член 36 став (6) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/2025 и 127/2025), член 16 став (1) точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров–Пречистен текст(„Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 8/23), советот на Општина Ѓорче Ѓорче Петров на 11-тата седница одржана на 18.06.2026 година, донесе:

## ОДЛУКА

**за донесување на Техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 7.36 и ГП 7.39 од ДУП М.З. Мирче Ацев 38, Општина Ѓорче Петров, техн.бр.1872/99, датум на изработка 2001 год.(донесен со Одлука бр. 07-733/3 од 10.07.2001 год., бр. 08-1392/31 од 31.08.2020 год.,бр. 08-1378/9 од 15.07.2022 год., бр. 08-2106/3 од 31.10.2023 год.,бр. 02-807/5 од 30.04.2025 год. и бр. 02-2399/2 од 16.09.2025 год.)**

### Член 1

Со оваа Одлука се донесува Техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 7.36 и ГП 7.39 од ДУП М.З. Мирче Ацев 38, Општина Ѓорче Петров, техн.бр.1872/99, датум на изработка 2001 год.(донесен со Одлука бр. 07-733/3 од 10.07.2001 год., бр. 08-1392/31 од 31.08.2020 год., бр. 08-1378/9 од 15.07.2022 год., бр. 08-2106/3 од 31.10.2023 год., бр. 02-807/5 од 30.04.2025 год. и бр. 02-2399/2 од 16.09.2025 год.), изработена од„БИЛД УРБАН“ ДООЕЛ Скопје со тех. бр. 0801-157/26 од мај 2026 год., а по добиено позитивно Мислење од Комисијата за урбанизам на Општина Ѓорче Петров со бр. 10-727/6 од 14.05.2026 год.

### Член 2

Техничката исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 7.36 и ГП 7.39 од ДУП М.З. Мирче Ацев 38, Општина Ѓорче Петров, техн.бр.1872/99, датум на изработка 2001 год.(донесен со Одлука бр. 07-733/3 од 10.07.2001 год., бр. 08-1392/31 од 31.08.2020 год., бр. 08-1378/9 од 15.07.2022 год., бр. 08-2106/3 од 31.10.2023 год., бр. 02-807/5 од 30.04.2025 год. и бр. 02-2399/2 од 16.09.2025 год.), изработена од„БИЛД УРБАН“ ДООЕЛ Скопје со тех. бр. 0801-157/26 од мај 2026 год., е составен дел на Деталниот урбанистички план М.З. Мирче Ацев 38, Општина Ѓорче Петров, .(донесен со Одлука бр. 07-733/3 од 10.07.2001 год., бр. 08-1392/31 од 31.08.2020 год., бр. 08-1378/9 од 15.07.2022 год., бр. 08-2106/3 од 31.10.2023 год., бр. 02-807/5 од 30.04.2025 год. и бр. 02-2399/2 од 16.09.2025 год.).

### Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-1000/4**
**од 18.06.2026 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Бранкица Дуковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ

**за објавување на Одлука за измена со проширување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2026 година во колона–донации**

Се објавува одлуката за измена со проширување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2026 година во колона–донации, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Единаесеттата седница на советот, одржана на ден 18.06.2026 година.

**Број 02-1030/4**
**од 18.06.2026 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/02 и Сл.весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 27 и 28 од Законот за буџетите (Службен весник на Република Македонија бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.151/21, 87/22 и 3/25) и член 16 став 1 точка 2 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 11-тата седница одржана на 18.06.2026 година донесе:

## О Д Л У К А
## за измена со проширување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2026 година во колона - донации

### Член 1

Со оваа Одлука се врши измена со проширување на средства во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2026 година во колона донации, на следниот начин:

Се зголемуваат приходите на следната потставка:

| Потставка | Буџет | Самофинансирачки активности | дотации | донации | кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| **742114-Приходи од европска унија** | **0** | **0** | **0** | **885.500,00** | **0** |

И се распоредуваат на следната Потпрограма и потставка:

| Потпрограма | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Н1- Основно образование | | | | | |

| Потставка | Буџет | Самофинансирачки активности | дотации | донации | кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| 420220-Патување во странство(патни расходи) | 0 | 0 | 0 | 550.000,00 | 0 |
| 420240-Патување во странство (споредни расходи) | 0 | 0 | 0 | 240.000,00 | 0 |
| 423210-Материјали за АОП | 0 | 0 | 0 | 3.000,00 | 0 |
| 423410 Прехрамбени продукти и пијалоци | 0 | 0 | 0 | 6.000,00 | 0 |
| 423990-Други материјали | 0 | 0 | 0 | 5.000,00 | 0 |
| 425910-Преведувачи | 0 | 0 | 0 | 9.000,00 | 0 |
| 425990-Други договорни услуги | 0 | 0 | 0 | 52.500,00 | 0 |
| 426990-Други оперативни расходи | 0 | **0** | 0 | 20.000,00 | 0 |
| **вкупно** | | | | **885.500,00** | **0** |

**Член 2**

Одлуката за измена со проширување на средствата е составен дел на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2026 година.

**Член 3**

Одлуката влгува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-1000/5**
**од 18.06.2026 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Бранкица Дуковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за преземање на обврските за плаќање воден надомест за одводнување/наводнување на индивидуалните физичкилица - водокорисници за 2026 година**

Се објавува одлуката за преземање на обврските за плаќање воден надомест за одводнување/наводнување на индивидуалните физички лица - водокорисници за 2026 година, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Единаесеттата седница на советот, одржана на ден 18.06.2026 година.

**Број 02-1030/5**
**од 18.06.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), член 19 и член 20 од Законот за Водостопанство (“Службен весник на Република Македонија” бр. 51/2015, 193/2015 и 189/2016), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), советот на општина Ѓорче Петров на на 11-тата седница одржана на ден 18.06.2025 година донесе:

ОДЛУКА

**За преземање на обврските за плаќање воден надомест за одводнување/наводнување на индивидуалните физички лица водокорисници за 2026 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност на Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров да потпише Договор за преземање на обврските за плаќање воден надомест за одводнување/наводнување на индивидуалните физички лица - водокорисници за 2026 година од АД Водостопанство во државна сопственост Скопје.

**Член 2**

Општина Ѓорче Петров врз основа на потпишаниот договор ќе биде согласна да плати на Подружницата Скопско Поле од АД Водостопанство во државна сопственост, надомест во износ од 3.000.000,00 денари со пресметан ДДВ во согласност со Одлуката за определување на воден надоместок, утврдена од одборот на директори на АД Водостопанство, за вкупна површина од 50 ха предвидена за одводнување/наводнување во 2026 година под ХМ системи за наводнување, сопственост на индивидуалните земјоделски производители, односно водокорисници.

**Член 3**

Средствата од член 2 на оваа одлука, обезбедени во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2026 година, Општина Ѓорче Петров ќе има обврска да ги плати, по доставување на завршна ситуација и фактура, во законски определен рок.

**Член 4**

Согласно потпишаниот договор, АД Водостопанство подружница “Скопско Поле” за сметка на превземената обврска од страна на Општина Ѓорче Петров, ќе има обврска редовно и навремено во текот на 2026 година да ја одржува и чисти каналската мрежа,
се со цел спречување на евентуални поплави на земјоделско земјиште и други површини на подрачјето на општината.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Ѓорче Петров”.

**Број 02-1000/6** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**од 18.06.2026 година** **Претседател,**
**Скопје** **Бранкица Дуковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за прифаќање донација од Здружение за одржлив социоекономски развој „ИЗГРЕЈСОНЦЕ“ – Скопје**

Се објавува одлуката за прифаќање донација од Здружение за одржлив социоекономски развој „ИЗГРЕЈСОНЦЕ“ – Скопје, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Единаесеттата седница на советот, одржана на ден 18.06.2026 година.

**Број 02-1030/6**
**од 18.06.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ“ бр.05/2002 и Службен весник на РСМ бр.202/24), врз основа на одредбите од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности “Сл.Весник на Република Македонија“ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15”) , член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 11-тата седница одржана на 18.06.2026 година, донесе:

## О Д Л У К А
## за прифаќање донација од Здружение за одржлив социоекономски развој „ИЗГРЕЈСОНЦЕ“ - Скопје

### Член 1

Со оваа Одлука советот на Општина Ѓорче Петров ја прифаќа донацијата од Здружение за одржлив социоекономски развој „ИЗГРЕЈСОНЦЕ“ – Скопје, која се состои од фотоволтаични (соларни) панели со придружна опрема за воспоставување на AgriPV систем во рамките на пилот проектот “Соларна заедничка градина”, и претставува иновативен модел за двојна употреба на земјиште, за производство на соларна енергија и земјоделско производство на храна, во вкупен износ од околу 1.047.795,00 МКД со вклучен ДДВ, кои ќе бидат запишани во книговодствената евиденција на Општина Ѓорче Петров.

### Член 2

Донацијата не создава директна корист за давателот, ниту обврска за враќање од примателот на донацијата, дадена за цели од јавен интерес.

### Член 3

Се овластува Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров да склучи Договор за донација со донаторот од Член 1 на оваа Одлука.

### Член 4

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-1000/7** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**од 18.06.2026 година** **Претседател,**
**Скопје** **Бранкица Дуковски с.р.**